# Газибаба Општина

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ОКТОМВРИ 2008 - БРОЈ 11

# ТУМБА МАЏАРИ




## ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА НА ГАЗИ БАБА

ИНТЕРВЈУ СО КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗЕЛС

# Локалната и централната власт се и партнери и противници

**Кој ви беше главниот мотив да ја прифатите претседателската функција во Заедницата на единиците на локалната самоуправа.**

- Три години бев потпретседател заедно со мојот колега Невзат Бејта, а претседател беше Андреј Петров. Уште на почетокот ги надминавме нашите партиски и други разлики и целосно се насочивме кон решавањето на проблемите што ги имаат општините, пред сѐ по почетокот на децентрализацијата. Задоволен сум што таа наша соработка се одвиваше успешно. Мојот избор за претседател е континуитет во успешното работење на Управниот одбор и на претседателството на заедницата.

**- Кои се главните успеси од вашата досегашна работа?**

- Со нашето лобирање и аргументирано образожување на проблемите пред централната власт успеавме да издејствуваме промени во законите со кои значително се олеснува функционирањето на единиците на локалната самоуправа. На почетокот на децентрализацијата беа преполовени парите што ги добивавме за образованието и тоа беше најголемиот проблем. Кој полека успеваме да го решиме. Се направија измени во Законот за данок на имот со што се овозможи тој да се наплатува и за производствените капацитети на фирмите. Досега тие плаќаа само за канцелариските простори, а нивните погони ја користеа целата јавна инфраструктура, како водовод, канализација, електрична мрежа, патишта и слично. Се зголеми и таксата за јавно осветлување од 15 на 25 киловати по броило, со што се постигна одредена финансиска стабилност во тој дел.

**- Како ја оценувате досегашната децентрализација воопшто?**

- Како држава влеговме доста неподготвени во тој процес. Можеби не требаше да избрзаме. Затоа настанаа толку многу проблеми. Добивме надлежности во урбанизмот, образованието, социјалната заштита, културата, спортот, животната средина, но не и капацитети да ги вршиме тие работи успешно. Не се знаеше што ќе се случува со вработените во подрачните единици на министерствата. Во земјава немаше доволно искусен кадар за одредени нови функции во локалната самоуправа. Млади и образовани луѓе имаше, но тие допрва требаше да го стекнат своето искуство.

> Секоја централна власт, не само кај нас туку и во други држави тешко се откажува од своите привилегии, но ние како општини треба аргументирано да ја убедиме дека со нашите зголемени ингеренции и со поголемиот капацитет ќе бидеме успешни

**- Што ќе се случи со општините кои што не успеаја да влезат во втората фаза, односно не ја почнаа фискалната децентрализација?**

- Вкупно 62 општини влегоа во оваа фаза. Зајас и Осломеј одбија, а некои не ги исполнуваа капацитетите. Немаа доволно екипирана администрација, со по двајца луѓе во секторите за финансии и по еден за данокот на имот. Како ЗЕЛС настојуваме да ги поттикнеме да склучат договори со некоја соседна поголема општина да им ги врши тие административни процедури и на тој начин ќе ги исполнат условите. Бидејќи и самите знаат дека ако самостојно ангажираат луѓе, тие нема да бидат доволно искористени.

**- Како ги оценувате односите меѓу централната и локалната власт, особено при префрлање на надлежностите? Дали тие се партнерски или конфликтни?**

- Имаме доста проблеми затоа што тоа што го добиваме не е ни оддалеку доволно за да ги задоволиме потребите на граѓаните согласно нашите надлежности. Секоја централна власт тешко се откажува од своите привилегии, не само кај нас, туку и во други држави. Но ние како општини и како ЗЕЛС се трудиме да им докажеме дека со ингеренциите што ни ги даваат и со капацитетите што ги создаваат ќе бидеме поуспешни. Ако настапуваме доволно аргументирано и ако потоа навистина го исполнуваме тоа што ќе го договориме се повеќе ќе ги засилуваме партнерските односи на сметка на спротивставените ставови.

**- Кој ќе биде вашиот приоритет на новата функција?**

- Еден од приоритетите понатаму ќе биде да настојуваме да се овозможи законска рамка за да можат општините да се задолжуваат и да земаат кредити. Тоа почнавме да го бараме, но досега многу малку е направено на овој план. Ова е навистина голем предизвик за нас, затоа што на тој начин ќе можеме да ги натераме општините да се однесуваат менаџерски. Ако успееме, граѓаните ќе можат многу бргу да ги почувствуваат поволностите од одредени големи и скапи проекти, а општините да ги отплаќаат во зависност од своите можности.

**- Што е со државното земјиште? Дали и управувањето со него ќе биде приоритет за ЗЕЛС?**

- Секако. За ова има различни ставови, некои сметаат дека префрлањето на земјиштето треба да се направи веднаш, но мојот личен став е дека не смееме повторно да избрзаме. Залудно ние ќе го имаме на располагање државното земјиште додека трае процесот на денационализацијата. Можеме да најдеме инвеститори, а потоа да се јават некои наследници. Затоа Владата треба прво да ги расчисти сите имотно-правни односи со земјиштето, пред тоа да се префрли на општините. Знам дека Владата веќе ги зајакна капацитетите на институциите што го водат процесот на децентрализацијата и верувам дека тој ќе заврши брзо и успешно.





СЕ ИНТЕНЗИВИРААТ РАБОТИТЕ НА ПЛОШТАДОТ ВО АВТОКОМАНДА



# Прилепски гранит наскоро ќе го покрие бетонот

Приврщува бетонирањето на плоштадот во населбата Автокоманда, на локацијата меѓу булеварот Александар Македонски и улицата Трифун Хаџијанев.

-Бетонирањето во моментов е прекинато заради врнежите од дожд, но откако времето ќе се подобри, тоа ќе се заврши за десетина дена. Откако ќе заврши бетонирањето ќе следи поставување на гранитот, кој ќе се набави од Прилеп, изјави Неделчо Крстевски, портпарол во Општината Гази Баба .

Како што информираат од Општината Гази Баба, претходно, комплетно е завршена целата подземна инфраструктура, поточно водоводната и хидрантната мрежа, атмосферските одводи, како и електричната инсталација.

За подготвителните работи, односно првата фаза, е ангажирана фирмата "Жикол", додека гранитот ќе го поставува фирмата "Крин".

По завршување на оваа фаза, ќе следи изградбата на фонтаната и споменикот, односно коњаник на коњ. На постаментот на коњаникот ќе биде изведена ѕвездата од Кутлеш. Општината веќе објави конкурс за изработка на идеен проект за подигање на спомен-обележје скулптура на коњаник на постамент, како и за изработка на идеен проект за фонтана кој е отворен до седми ноември.

Според портпаролот Крстевски, изведбата на споменикот низ потребните институции ќе трае околу две години.

Изградбата на плоштадот во Автокоманда, Општина Гази Баба ја започна на 18 јули.

Платото на плоштадот е со површина од 5.768 метри квадратни. Иако беше најавено дека плоштадот ќе го носи името на Филип Втори Македонски, засега, тој сепак ќе биде само плоштад на Општината Гази Баба,

Плоштадот ќе биде обележје на Општината и место каде граѓаните ќе се собираат, рекреираат и воедно место каде ќе се одржуваат културно-забавни манифестации.

Овој објект ќе биде пуштен во употреба на трети ноември, на денот на Општината Гази Баба.

Целиот проект, кој го изработи јавното комунално претпријатие од Прилеп, ќе чини 27 милиони денари, вклучувајќи ја и фонтаната, но без споменикот. За реализација на плоштадот од буџетот на Општината ќе бидат издвоени 5 милиони денари, додека останатиот дел од средствата ќе бидат обезбедени од донации. За тоа веќе имало заинтересирани фирми, потенцираат од Гази Баба, а донациите претежно ќе бидат во материјали.

Плоштадот е проектиран како плато поплочено со гранитни плочки, пристапни патеки, зеленило со цветни алеи и високо и ниско зеленило, а ќе содржи и две забавни детски катчиња. Планирано е да биде поставена и урбана опрема, мини бина на која ќе се одвиваат разни манифестации, како и плато за спомен-обележје. На двете граници од плоштадот ќе се засадат 14 јасени.

> Претходно, комплетно е завршена целата подземна инфраструктура, поточно водоводната и хидрантната мрежа, атмосферските одводи, како и електричната инсталација

■ Општина Гази Баба заврши со изведбата на вториот од предвидените четири паркинзи во населбата Автокоманда. Паркингот се наоѓа зад полициската станица со излез и влез на ул. Лазар поп Трајков. Паркингот е со површина од 1300 m² или за 33 паркинг места а ќе опслужува 3 околни згради. Изведувачи на работите се фирмите "Техноградба инжинеринг" и Ј.П. "Улици и патишта". Инвеститор е општина Гази Баба.



Паркинг во Автокоманда



**С**о чистење на кејот на реката Вардар, на потегот од мостот кај Транспортниот центар до мостот "Близнак", во должина од 2.1000 метри и Општина Гази Баба се вклучи во акцијата на Владата на Република Македонија за чистење на коритото на реката Вардар.

Во чистењето кое се вршеше во соработка со Општината Аердром беа вклучени работиниците на Јавното комунално претпријатие "Гази Баба-2007".

Работниците за период од три дена ја искосија тревата, ги искастрија грмушките и го собраа отпадоците од двете страни на реката Вардар.

Веднаш потоа, во наредните неколку дена, коритото се чистеше и машински.

Овој дел од кејот на реката Вардар со години не беше одржуван.

# Се чистеше кејот на потегот од Траспортен центар до мостот "Близнак"







## *Обележување на уличните светилки*

■ Општина Гази Баба започна со проектот "Обележување на уличното осветлување на територијата на општина Гази Баба".

Со овој проект планирано е да се обележат сите улични светилки со бројки, по што ќе следува изработка на електронска евиденција на секое сијалично место. Ваквата евиденција ќе придонесе за подобро и поефикасно одржување, а воедно ќе се намалат и трошоците кои се предвидени во гарантниот рок.

Со проектот ќе се обележат околу 7000 светилки со нумерирани таблички. Поставувањето се планира да заврши во текот на месец Октомври.





Во акцијата на Владата "За чиста и Европска Македонија" што се одржа на 21 септември активно се вклучи и општина Гази Баба. Акцијата се одржа во населбите Железара, Автокоманда, Хиподром и Нова Колонија, како и во сите основни и средни училишта. Учествуваа околу 500 граѓани. Исто така во населбата Керамидница, с. Трубарево и с. Јурумлери со механизација се чистеа диви депонии од кои е изнесено околу 500 метри кубни земја, градежен шут и смет. Акцијата беше организирана како промоција и поддршка на новиот Закон за јавна чистота кој стапи на сила на 22 септември.







# ЧИСТА И ЕВРОПСКА МАКЕДОНИЈА









# Асфалтирани улиците "881" и "Бапчор" во Автокоманда

■ Општина Гази Баба ги асфалтираше улиците "881" и "Бапчор" кои се наоѓаат во населбата Автокоманда.

Како што информираат општинските власти и во двата случаи најпрво е изгребан стариот асфалт, а потоа е поставен нов слој. Улицата "881" е со должина од 147 метри и површина од 882 метри квадратни, додека улицата "Бапчор" е со должина од 126 метри и површина од 645 метри квадратни.



# *Се снима и чисти канализацијата на улицата Лазар Поп Трајков*

■ Општина Гази Баба ја чисти фекалната канализација на илицата "Лазар Поп Трајков", во населбата Автокоманда. Воедно, се врши и компјутерско снимање на состојбата во која се наоѓа истата. Работите и снимањето ги врши Јавното претпријатие "Водовод и Канализација".

-Овие активности се изведуваат со цел да се утврди исправноста на фекалната канализација и потребата од евентуални реконструкции, информираат општинските власти.

Од Општината велат дека оваа постапка ќе се применува и во иднина, со цел да се утврдат аномалии на старите фекални канализации, со што би се заштедиле средства за евентуалните поправки на истата.



## *Ново игралиште за мал фудбал во Инџиково*

■ Жителите на населеното место Инџиково добија ново асфалтирано игралиште за мал фудбал. Игралиштето е со димензии 22 x 42 метри.

На игралиштето се поставени и 4 столба со по два рефлектори. Со тоа се создава можност тоа да се користи и во вечерните часови.

Во наредниот период игралиштето ќе се огради со метално-мрежеста конструкција, со висина од 4 метри.



Ова игралиште, Општината Гази Баба го изгради на барање на месното население, а според проценките ќе го користат околу 4000 жители на Инџиково.

Изведувач на работите е АД "Гранит" од Скопје.

## Нов аспхалт за карл Либнехт и Франц Лист во населбата Триангла

■ Нов асфалт добија улиците Карл Либнехт и Франц Лист во населбата Триангла.

Стариот асфалт претходно е изгребан, а потоа е поставен нов слој на коловозот. Улицата Карл Либнехт е со должина од 300 метри и површина од 1.820 метри квадратни, додека улицата Франц Лист е со должина од 196 метри и површина од 980 метри квадратни.

## Се асфалтираат улиците во руралните подрачја на Општина Гази Баба

■ Општина Гази Баба ја асфалтираше улицата 37 во населеното место Сингелиќ, заедно со нејзините четири краци. Како што информираат општинските власти, улицата е со должина од 500 метри или вкупна површина од 2000 метри квадратни. Работите ги изведуваше јавното претпретпријатие "Улици и патишта". Средствата за изведување на работите ги обезбедија по половина Општината Гази Баба и Град Скопје. Оваа акција, во наредниот период продолжува и во останатите населени места.



ПРОЕКТ НА ПСМ ИНКУБАТОРОТ И НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА

# Обучете се за да започнете сопствен бизнис

Вкупно 45 млади луѓе од општината Гази Баба ќе имаат можност да посетуваат курсеви од проектот СИСКО кој ќе им овозможи да стекнат знаења што би им помогнале да започнат сопствен бизнис или да го развијат бизнисот што веќе го почнале. Проектот го спроведува ПСМ инкубаторот, кој се наоѓа зад Шумарскиот факултет во соработка со Општината Гази Баба. Донатор е американската агенција УСАИД, преку Програмата за локален економски развој, а партнер е и ЦЕЕД Македонија.

Се планира да се одржат курсеви со три групи од по 15 млади луѓе, жители на општината Гази Баба, кои ќе можат да ги посетуваат курсевите по симболични цени, многу пониски од комерцијалните. Посетителите ќе се изберат така што прво ќе се објави јавен оглас, а потоа тие ќе можат да се пријават во ПСМ инкубаторот каде што ќе се изврши селекцијата. Предност ќе имаат младите, образовани и невработени луѓе, кои ќе треба да имаат основни познавања од англискиот јазик и од работата на компјутери.

- Целта на оваа програма е младите образовани луѓе да се запознаат со светски познатата програма на СИСКО ентерпренершип институтот, со која ќе ги зголемат своите претприемнички вештини, што ќе им помогне да започнат сопствен бизнис. Идејата потекна од добрата соработка меѓу општината и ПСМ фондацијата, кои веќе една година заеднички работат на јакнењето на претприемничкиот дух кај младите во Гази Баба и пошироко - велат од ПСМ инкубаторот.

Целиот курс трае 50 часа, а посетителите ќе се стекнат со знаења за главните аспекти при водењето на бизнисот. Курикулумот содржи 300 страници и ќе биде преведен на македонски јазик и прилагоден според македонските правила и закони. Крајната цел на курсот ќе биде посетителите да научат како се пишува бизнис-план и кои компоненти ги содржи тој, со што ќе можат да изработат целосен план за бизнис. Првата група треба да започне да го посетува курсот кон крајот на месецов.

> Млади луѓе од општината ќе имаат можност да се вклучат во проектот ЦИСКО со кој ќе развијат вештини да водат бизнис и да направат бизнис-план, а најдобрите три бизнис планови ќе добијат финансиски награди, кои ќе овозможи почнување бизнис

- Со оваа програма учесниците не само што ќе се здобијат со светски признатиот СИСКО сертификат, туку ќе имаат способност да подготват комплетен бизнис-план како дел од финалниот испит, кој може да им помогне во започнување сопствен бизнис. За најдобрите три бизнис-плана ќе се обезбедат и финансиски награди коишто ќе им овозможат да го почнат бизнисот - додаваат од ПСМ инкубаторот.

Курсот е он-лајн базиран со постојана интеракција меѓу обучувачите и посетителите, со видео материјали и гости-спикери кои ќе ги презентираат најбитните компоненти на бизнис-планот и нивните искуства. Во овој период ПСМ се сертифицира како како локален тренинг центар за СИСКО, а двајца вработени во инкубаторот ќе бидат обучувачи на курсот. Со нивното искуство во водењето на инкубаторот, чија мисија е зајакнување на претприемништвото, ќе бидат способни да им ги пренесат своите знаења на посетителите.



## ПРВО КУЛТУРНО ЛЕТО ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА



Ревија на народни носии, народни песни и инструменти, театарски претстави, концерти на пејачи на забавна и народна музика беа само дел од содржините во рамките на културното лето "Гази Баба 2008 година".

Оваа манифестација Општината Гази Баба ја организираше за првпат годинава, почнувајќи од средината на јули, за да оние кои не беа во можност да одат на годишни одмори имаат забава и поинтересно лето.

Посебен интерес предизвика ревијата на народни носии, песни и инструменти која се одржа во населеното место Раштак . Над 1.000 посетители проследија презентација на народни носии речиси од сите краеви на Македонија, а беа изведувани изворни народни песни преку звуците на автентични народни инструменти. Исто така, ревијата беше збогатена со настап на познати пејачки имиња, како што се: Виданка Георгиева, Елена Георгиева, Круме Спасовски, Гоце Касаповски, Стевче Стојковски на кавали и фолклорната група при МБУ "Илија Николовски Луј", предводена од професорката Бајта Арифовска.

**Општинските власти ветуваат дека наредното културно лето ќе уште побагато и поинтересно**






# Монодрама на отворено, ревија на народни носии и многу забава

Оваа манифестација ја отвори градоначалникот на Општина Гази Баба, Коце Трајановски, а таа во иднина ќе прерасне во традиционална, со тоа што наредната година ќе биде збогатена со нови содржини, презентација на народни обичаи, настап на играорни групи итн.

Во рамките на културното лето, во населбата Автокоманда се одржа и концерт на повеќе пејачи на народни песни, насловен како "Пееме за вас". Жителите на Автокоманда, па и оние од околните населби, имаа можност да ги чујат: Благица Павловска, Милица Кузмановска, Миле Кузмановски, Тања Лазаровска, Новица од групата Биоритам, "Тони-Шоу", Гоце Пејковски, Дејан Добревски, Бобан Мојсовски и Влатко Миладиновски, кои исполнија песни од "Роса фестивалот".

Железарци, пак, имаа можност да бидат




дел од еден несекојдневен настан на нашиве простори. Тие ја имаа привилегијата да ја видат монодрамата на отворено "Филип II Македонски", во изведба на актерот Петар Темелковски. Претставата беше посетена од голем број љубители на театарската уметност, а ги имаше од сите возрасти.

Културното лето "Гази Баба 2008" беше затворено со концертот на забавна музика, кој се одржа на 31 август, во паркот "Ченто", во истоимената населба. Овој настан беше дел од културниот топол бран, кој го организираше Министерството за култура, заедно со Општината Гази Баба.

Жителите на Ченто, пред сè оние помладите, имаа можност да се забавуваат заедно со : Александра Пилева, Андријана Јаневска, Јован Јованов, Елвир Мекиќ, како и



групата "Некст Тајм".

-Ова лето импровизиравме. Манифестациите во рамките на културното лето се одржуваа во училишни дворови, на скверови и во паркчиња. Се надеваме дека плоштадот во Автокоманда годинава ќе биде готов, па од наредната, поголем дел од манифестациите ќе можат да се одржуваат на овој простор, објасни Емилија Кипровска, соработник за протоколарни работи во Секторот за поддршка на градоначалникот. Таа истакна дека во рамките на годинешното културното лето било предвидено да се одржат уште манифестации, но дека тоа не го дозволиле временските прилики, како и ограничените финансиски средства, но ветува дека наредното културно лето ќе биде уште побогато и поинтересно.

## АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ ТУМБА МАЏАРИ ДОСТАПЕН ДО ГРАЃАНИТЕ



# Започна реконстукцијата на нео

Неолитската населба "Тумба Маџари", која се наоѓа во населбата Ченто, во близина на СОС Детското село отсега ќе биде подостапна и поатрактивна за посетителите, не само од Општината Гази Баба, туку и од градот, па и за странските посетители.

Општината Гази Баба во соработка со Музеј на Македонија започна со уредување на овој археолошкиот локалитет, бидејќи досега тој беше запуштен и неодржуван, поради, како што велат од Општината Гази Баба, недостиг на средства.

Според предвидената динамика на реализација и финансиските средства, годинава ќе се изградат две куќи и помошни објекти наменети за посетители.

-Објектите се градат со оригинален градежен материјал (глина, дрва, трска, 'ржаница, слама), во духот и стилот на архитектурата на младото камено време - неолитот. Во првата куќа, во копии ќе се постави дел од откриениот оригинален инвентар (луксузна и куќна керамика, печки и фигури на луѓе облечни во неолитска облека). Еден дел од куќата однадвор ќе биде непокриена со малтер, за да се види од каков материјал тогаш биле градени куќите, но и за да можат посетителите да имаат подобра претстава за периодот на неолитот, вели Емилија Кипровска, соработник за протоколарни работи во Секторот за поддршка на градоначалникот.

Во меѓувреме, Општина Гази Баба го огради локалитет и работи на изградба на улица и паркинг кои се наоѓаат во бли-










литското село

зина на неолитската населба, лоцирана во близина на комплексот Детско село.

Исто така, од Општината велат дека предвидуваат да направат и програма за да можат сите училишта да го посетат неолитското село "Тумба Маџари", но и да можат тука да одржуваат и часови. Воедно, ќе бидат подготвени и брошури и пропаганден материјал, со што овој локалитет ќе се внесе во рамките на културните збиднувања и во градот и во Македонија, а со самото тоа и ќе се актуелизира.



Минатата година, Општина Гази Баба издвои 200.000 денари за расчистување на локалитотот, а сега ги финансира изградбата на улицата, паркингот, оградувањето на просторот.

Завршетокот на реконструкцијата на археолошкиот локалитет се планира и свечено да биде одбележан пред трети ноември, денот на Општината Гази Баба.

# Археолошки истражувања

Локалитетот се наоѓа во сегашната населба Ченто и е најзначајната неолитска населба во Скопската Котлина. Откриен е во 1961/1962 година во текот на археолошки рекогносцирања за изградбата на автопатот. Денес тешко се забележува бидејќи 2/3 од површината се окупирани со куќи подигнати во доцните шеести и седумдесетите години на XX век. Населбата има централна положба во Скопската Котлина. Тумба Маџари бил економски и пред се културен центар во микрокосмосот на неолитскиот човек од овој регион. Населбата има неправилна кружна форма со дијаметар од 220 метри и висина 3 метри.

Првите археолошки истражувања се извршени 1978 година од Музејот на Македонија, под раководство на Воислав Санев. Отворени се три сонди. Резултатите покажале дека се работи за населба од неолит, со три фази на живеење. Животот тука се одвивал во континуитет во периодот меѓу 6000 и 4300 година п.н.е.

Населбата на Тумба Маџари претставува протогеното јадро на денешното Скопје.



Во истражувањата од 1981 година е откриена првата куќа, детерминирана како светилиште. Досега се откриени уште седум куќи, но само првата е објавена.

Она што ги прави Тумба Маџари и оваа куќа познати, е за првпат откриената теракотна претстава на Големата Мајка. Импресивните димензии од 0,39 метри висина, класичната смирена поза на изникнување од куќата и воедно бдеењето над нејзиното огниште и мир, ја прави оваа теракота ексклузивна. Таа ќе стане главната нишка што го поврзува духот на човекот од Анзабегово-вршничката културна група.

Во Тумба Маџари од алатките се откриени тегови за вертикален разбој, биконусни тегови (макари) за рибарски мрежи, многу коскени спатули со стандардна форма, шила и игли. Кремената индустрија е застапена со разни кремени ножиња, секачи, камени авани и мелници.

Анализата на коските на животните и птиците од Маџари укажува на фактот дека неолитскиот човек, што се однесува до обезбедувањето месо, апсолутно се потпирал на своите стада, а многу малку на лов и риболов.



**ИНТЕРВЈУ СО ЛИЛЈАНА МАЛКОВСКА-КРСТЕВСКА ДИРЕКТОР НА О.У. ВЕРА ЈОЦИЌ**

# Се гордееме со успесите на нашите ученици



Основното училиште "Вера Јоциќ" се наоѓа на самиот влез на Скопје, во населба Хиподром, општина Гази Баба.

**Како директор на ОУ. Вера Јоциќ и најодговорно лице во спроведувањето на образовните процеси во вашето училиште, кажете ни нешто повеќе за оваа образовна установа.**

Училиштето "Вера Јоциќ" започна со работа на 22 март во далечната 1975 година. Ова мартовско утро за првпат засвони училишното ѕвонче и тоа го прави без прекин веќе 33 години. А годините доаѓаат, минуваат и си одат. Така генерациите наши ученици доаѓаат, се образуваат и си одат, но зад себе оставаат длабоки траги што значат душа на училиштето. Оваа учебна 2008/2009 година, училиштето го посетуваат 498 ученици од прво до осмо одделение.

**Откако Вие стапивте на функција директор на училиштето "Вера Јоциќ", што преземате за подобрување на образовната програма и работењето на училиштето?**

Ја сум директор на училиштето од 29 јули 2007 година. Како одделенски наставник работам од јануари 1986 година, и со моето именување за директор постојано се трудам да создадам позитивна и пријатна клима за работа, како важен фактор за постигнување подобри резултати во работата и афирмирање на училиштето.

Од клупите на нашето училиште излегоа многу генерации. Ученици доаѓаат, се образуваат и си одат, но зад себе оставаат длабоки траги што значат душа на училиштето. Повеќето се веќе возрасни луѓе, кои успеале да го реализираат својот живот на општествен и семен план

Во таа насока постојано барам начини да се подобрат условите за работа. Во соработка со родителите ги варосавме и уредивме училниците, од средствата добиени од проектот Модернизација на образованието ги варосавме ходниците и канцелариите, наставниците посетија обуки по англиски јазик, користење на интернет и оценување на учениците, набавивме нагледни и аудио-визуелни средства, ја збогативме училишната библиотека со нови книги, сè со цел да добиеме поквалитетна настава. Во текот на учебната 2007/08 година од средства добиени од Министерство за образование и наука се изгради потстаница за приклучување на градско парно греење, се реновираа санитарните јазли, се поправи дел од покривот каде што прокиснуваше, делумно се обнови училишниот мебел (столчиња и клупи), особено училницата за прво одделение од деветолетката.

**Секциите се составен дел од активностите што се спроведуваат во учи-**

**лиштата и во нив учествуваат голем број ученици кои на овој начин ги збогатуваат своето знаење и креативноста. Тука се истакнуваат и најдобрите.**

Во нашето училиште активно работат повеќе секции: литературната, секцијата за странски јазик, математичката, ликовната, природни науки, историска, географска, техничко образование, хор, оркестар, во кои учениците се влучуваат по сопствен избор и афинитет. Редовно учествуваме на сите натпревари организирани на ниво на општина и пошироко, од кои учениците се враќаат со освоени награди и пофалници. Особено се истакнуваат спортските активности во натпревари во кошарка, мал фудбал и крос, организирани од Сојузот на училишен спорт при општина Гази Баба.

**Секое училиште па и најмодерното, се соочува со одредени проблеми во своето функционуирање. Кои се проблемите кои Вие би ги посочиле, а се поврзани со Вашата образовна установа и работењето во неа?**

И покрај тоа што правиме големи напори да ги подобриме условите за работа, сепак имаме проблеми околу инфраструктурата, бидејќи училиштето е од монтажен тип, изградено од елементи на старата гимназија "Цветан Димов" а подоцна, во 1979 година, е и поплавено . Со ова состојба е запознаена и локалната самоуправа, како и МОН, доаѓале повеќе комисии и странски делегации кои ја согледуваат потребата од ново училиште и се надеваме дека во блиска иднина ќе го имаме.

**Со овие проблема сигурно е запознаена и локалната самоуправа. Каква е вашата соработка со Општината во изнаоѓање решенија?**

Училиштето има одлична соработка со Општината, којашто ја координира работата и секогаш, колку е во можност, ни излегува во пресрет на решавање на нашите барања. Градоначалникот на Општината, Коце Трајановски, ја следи работата во нашето училиште, ги познава условите за работа во него и ја поддржува нашата иницијатива за изградба на ново училиште. Во текот на летниот период во училишниот двор беше направено ново игралиште за кошарка, забавен парк за децата, беа поставени клупи во дворот, беше обновено и заградено игралиштето за мал фудбал и асфалтирана патеката до влезот на училиштето.

**Претпоставуваме дека постојат и одредени финансиски барања на училиштето кои би ја подобриле работата. Како се справувате со овие потреби?**

Нашето училиште има големи финансиски потреби, зашто станува збор за ново училиште. Но додека не се реализира овој проект, секако дека имаме потреба од средства за нов покрив - стариот е салонитен и дотраен, целосна санација на фискултурната сала, нови прозорци и врати , промена на нови ПВЦ плочки на патосот, реновирање на канализацијата, нова електрична инсталација, нов училишен мебел и сл.

**Што сметате дека е неопходно да се реализира во наредниот период за да се подобрат условите за работа на учениците и образовниот процес?**

За подобрување на образовниот процес, и понатаму, како и досега ќе работиме на перманентно усовршување на воспитнообразовниот кадар, со прифаќање на нови проекти, следење на семинари , поттикнување на работа со талентирани ученици и активно учество во сите организирани натпревари. Ја продолжуваме соработката со родителите, која од минатата година е значително подобрена. Покрај редовните родителски средби, еднаш во месецот имаме и заедничка родителска средба, а родителите редовно се вклучени во активности што ги организираме во училиштето, како хепенинзите по повод Нова година и Велигден, Априлијадата и сл.

**Училиштата се основната база каде што започнува формирање на личноста на секој човек. Од клупите на секое училиште излегле ученици кои во својот понатамошен животен пат станале познати и заслужни граѓани на нашата држава.**

Од клупите на нашето училиште излегоа многу генерации. Денес некои од нив станале лекари, други новинари, наставници, стопанственици, естрадни уметници, а повеќето од нив се веќе возрасни луѓе кои успеале да го реализираат својот живот на општествен и семеен план. Им се восхитуваме на нивните успеси и горди сме што тие некогаш "наши деца" денес се родители на повеќето наши ученици во училиштето. Некои од нив се вклучени во работата на Советот на родители и повторно заедно со наставниците и учениците, се залагаат за подобрување на условите за работа во училиштето, со тенденција да се следат современите трендови во воспитно-образовниот процес.






# Училишната зграда е стара, но очекувањ

**Основното училиште "Крум Тошев" е лоцирано во населеното место Трубарево. Кажете ни нешто повеќе за училиштето како директор на оваа образовна установа.**

ОУ "Крум Тошев" е изградено во 1959 година. Меѓутоа во периодот до денес, истото неколкупати е доградувано и проширувано. Имено, во 1986 година е доградено и од оваа година функционира како централно основно училиште, а во 2000 е проширено и го добива денешниот изглед. Наставата која се реализира во две смени ја следат 357 ученици распоредени во 18 паралелки. Во ова училиште работам седум години, а на функцијата директор на училиштето сум од 31 август 2007година.

**Секое училиште се гордее со успесите што ги постигнуват учениците. Која е најсилната страна на образовната програма во вашата установа?**

Во нашето училиште работат многу секции, меѓутоа со работата и освојувањето на голем број награди посебно се истакнуваат Младите математичари, Ликовната секција, Училишниот хор и оркестар, Спортските секции и Радио секцијата. Исто така, можеме да се пофалиме со успешна реализација на повеќе проекти, како што се модернизација на образованието, отворено забавно фудбалско училиште, еко-училиште и други, а мора да се истакне и тоа дека минатата година бевме одлични организатори на регионалниот натпревар по математика и спортскиот турнир за ученици со посебни потреби (атлетика, мал фудбал и пинг понг).




## ИНТЕРВЈУ СО ИГОР КИТАНОВСКИ, ДИРЕКТОР НА О.У.„КРУМ ТОШЕВ„

# ата на учениците се големи

**Ни ги посочивте успесите, но сигурно во текот на работењето и реализирањето на образовната програма се соочувате и со одредени проблеми. Кои се тие?**

Пред сè би го истакнал проблемот со состојбата на стариот дел од објектот во којшто ѕидовите, столаријата и подот се доста оштетени. Голем проблем е и непостоењето на спортска сала и кабинетска настава со наставни помагала, што влијае на квалитетот на целокупниот воспитнообразовен процес во училиштето. Во работата со учениците се јавуваат одредени проблеми во однос на дисциплината кај одделни ученици, но и во однос на нередовноста на наставата. Затоа и соработката со родителите е на солидно ниво, а ние како училиште континуирано се стремиме да ја подобруваме таа соработка за што поуспешно функционирање на училиштето.

**Основните училишта се под директна надлежност на општините. Каква е вашата соработка со општинските власти и дали имате забелешки?**

Со самиот факт дека училиштата се под надлежност на општините нормално е дека соработката помеѓу нашето училиште и Општината е на многу високо ниво. Општинските власти имаат големо разбирање за сите наши проблеми и заеднички се трудиме да изнаоѓаме решенија за нивно надминување. Имено, во летниот период Општината ни помогна да се реновираат санитарните јазли во училиштето и да се поплочи влезната патека и просторот пред училиштето, а со помош на општината нашето училиште е влезено во проектот 145 училишни спортски сали на Владата на Р. Македонија и очекуваме дека наскоро ќе се започне со нејзина изградба.

**Како се справувате со финансиските средства кои секако се неопходни за нормално функционирање на секое училиште, но и за реализација на образовната програма и зацртаните проекти?**

Училишната зграда е стара, а новите наставни планови и програми, стандардите и очекувањата на учениците се многу високи. Затоа сметам дека се потребни многу повеќе финансиски средства за реализација на зацртаните планови и потреби на училиштето. Со финансиските средства коишто сега ги добиваме успеваме само да го одржуваме наставниот процес и објектот.



**Како директор на ова училиште сигурно имате зацртано одредени цели и планови кои би требало да ги реализирате во текот на вашата работа на ова раководно место?**

Нормално, имаме приоритети со кои сакаме да го подобриме образовниот процес во нашето училиште и затоа сметам дека во иднина треба да се обрне особено внимание на усовршувањето и имплементацијата на новите наставни планови и програми, стандардизираното и објективното оценување, изработката на наставни и дидактички материјали поврзани со практична применливост (предметите што тоа го дозволуваат), семинари и обуки за наставниците, доопремување на училиштето со нови и современи наставни средства и помагала и подобрување на просторните услови за работа во училиштето.



РАЗГОВОР СО ПРАТЕНИЦИТЕ САВЕ САВЕСКИ, БЛАГОРОДНА ДУЛИЌ И АЛЕКСАНДАР СПАСЕНОВСКИ

# Граѓаните во постојана комуни

Пратеничката функција е збир од разнобразни ангажмани. Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ од Општина Гази Баба, Благородна Дулиќ, Саве Савески и Александар Спасеновски, освен редовните собраниски обврски, од почетокот на своите мандати настојуваат да го одржат на високо ниво интензитетот на комуникацијата со своите избирачи во рамките на нивната канцеларија за односи со граѓаните. Во таа насока, за читателите на нашиот општински весник, пратениците Дулиќ, Савески и Спасеновски, одговорија на повеќе корисни прашања.



**Како пратеничка тројка, кажете ни нешто повеќе за начинот на кој функционира вашата канцеларија за контакти со граѓаните?**

Веднаш по завршувањето на парламентарните избори и конституирањето на шестиот состав на македонскиот законодавен дом, продолжи да функционира канцеларијата за контакти со граѓаните, која започна со работа уште во 2007 година. Канцеларијата се наоѓа во кругот на општинската администрација, а функционира секојдневно во текот на работната недела од 9 до 14 часот. Нашиот асистент разговара со граѓаните, се обидува во координација со нас да најде решенија и на нашите сограѓани им закажува средби со секој од нас поединечно.

**Дали во рамките на вашата канцеларија имате други активности освен редовните средби со граѓаните?**

Канцеларијата ја замисливме како место каде граѓаните ќе можат да се информираат за работата на своите пратеници во Собранието. Тоа е место каде што секој добронамерник од нашата општина ќе може да даде свој придонес во развојот на својата локална заедница. Убедени сме дека единствено преку разговори можат да се најдат решенија за сите прашања. Освен редовните поединечни средби со граѓаните, од-





# кација со своите пратеници

војуваме време и за контакти со претставници на урбаните заедници, со невладините организации, со претставници на нашата и на другите партии... Накратко, целта на целиот ангажман е да ги детектираме прашањата што се наш приоритет и да изнајдеме соодветни решенија. Исто така, за време на поважни датуми од нашата историја или национални празници организираме скромни приеми за нашите сограѓани, политички пријатели и конкуренти, каков што беше случајот последниот пат, кога заеднички го прославивме 8 Септември, Денот на независноста на Македонија.

**Какво е вашето досегашно искуство со функционирањето на Канцеларијата?**

Нашето досегашно искуство со функционирањето на Канцеларијата е прилично позитивно. Се покажа дека граѓаните имаат потреба од личностите, кои се на тие важни места во државната хиерархија, заради нивниот глас. Се покажа дека некогаш одредени предизвици во очите на нашите граѓани се тешко совладливи, а всушност, по средбата со некој од нас, го заклучуваат спротивното. Конечно, се покажа дека единствено преку отворен и искрен дијалог со сите и за сè многу лесно може да ги искачиме врвовите, да ги надминеме предрасудите и да ги совладуваме препреките во функција на развојот на нашата локална заедница во која веруваме и за која работиме.

> Убедени сме дека единствено преку разговори, можат да се најдат решенија за сите прашања. Освен редовните поединечни средби со граѓаните, одвојуваме време и за контакти со претставници на урбаните заедници, со невладините организации, со претставници на нашата и на другите партии... Накратко, целта на целиот ангажман е да ги детектираме прашањата што се приоритет за граѓаните и да изнајдеме соодветни решенија.



**Маја Симоновска - Асистент на пратеници во канцеларија за комуникација со граѓани Национален Демократски Институт**

**Каква е соработката со Градоначалникот и со општинската администрација?**

Ние како пратеници во повеќе прилики сме истакнале дека нашата нашата задача во значителна мера е олеснета, бидејќи во процесот на решавањето на проблемите на нашите сограѓани комуницираме со градоначалник и со општинска админстрација кои имаат остварено резултати, кои се посветени во работата и кои се отворени заеднички да ги совладуваме идните предизвици. Средбите со Градоначалникот и општинската администрација се континуирани. Заеднички ги споделуваме проблемите. Се советуваме и бараме решенија.

**Каква е соработката помеѓу вас пратениците?**

Станува збор за цврсти контакти, кои имаат историја на добри односи. Ние потекнуваме од иста партија, веруваме во иста идеја и споделуваме слични животни вредности. Споменатото, надополнето со секојдневната отворена комуникација, разбирање и поддршка е формулата за одржувањето и зацврстувањето на високото ниво на релации помеѓу нас.

# Јавните претпријатија треба

Градоначалникот повеќепати посредуваше и закажуваше средби со првите луѓе на јавните претпријатија, се со цел да се решат проблемите и тие конечно да почнат да си ја вршат законската обврска, но резултати повторно нема. Хигиената е и еден од најгорливите проблем во нашата урбана заедница

**Вие сте претседател на една од поголемите урбани заедници во Општина Гази Баба. Се работи за УЗ "Хиподром". Можете ли во кратки црти да ни дадете основни податоци за оваа населба?**

Населбата Хиподром е формирана 1978 година, додека урбаната заедница е формирана 1983 година и работи и функционира до денес. Во нашата урбана зедница живее население од сите националности и досега немавме никакви проблеми во меѓусебната комуникација. Инаку, во населбата има околу 6 000 жители или околу 1350 домаќинства. Иако има голем број индивидуални објекти, дел од населението живее и во станбени објекти.

**Секоја урбана заедница се соочува со одредени проблеми, било да се од инфраструктурна или друга природа. Што Вие, како главен претставник на урбаната заедница Хиподром, би посочиле како најгорливи проблеми во овој дел од општината?**

Најголеми проблеми со кои се соочува нашата урбана заедница се од комуналната сфера. Тука мислам на работата на јавните градски претпријатија, како што се Коминална хигиена, Паркови и зеленило и Водовод и канализација. Иако имавме упатено повеќе писма на нивна адреса, преку кои баравме да ја подобрат својата работа, тие останаа глуви на нашите барања. Еден од проблемите на кои се жалат жителите на Хиподром е и изведување на водот за топлификационата мрежа која тргнува од Железара и ги опфаќа населбите Автокоманда, Триангла Маџари и Хиподром. Иако водот е завршен, има згради во нашата населба кои се изоставени. Поднесовме барање изведувачот да постави потстаници во зградите сè со цел да се приклучат што повеќе граѓани на топлификационата мрежа. Од друга страна, станарите сами би поставиле инсталација во нивните домови. Со ова би им се олеснило на граѓаните од финансиска гледна точка, бидејќи повеќето до нив не се во можност сами да ги сносат сите трошоци. Сепак, се работи за околу 300 до 350 евра кои би требале да платат за потстаница. Има извесни проблеми и со атмосферската канализација која често се затнува, како и проблеми со вода во повисоките згради во летниот период. Како еден од проблемите би ги истакнал и дотраеноста на ОУ "Вера Јоциќ". Иако е санирано, родителите бараат изградба на ново училиште, но и на новата сала. Исто така би бил и самокритичен, бидејќи сметам дека има многу несовесни граѓани кои ја уништуваат урбаната опрема што Општината ја поставува. Затоа апелирам и на поголемо присуство на полицијата во самата населба.

**Сигурно во решавањето на проблемите барате помош од општинските власти. Како би ја опишале соработка со Градоначалникот на Општина Гази Баба и општинските служби?**

Не можеме да се пожалиме на тоа дека сме запоставени како урбана заедница. Благодарни сме на Градоначалникот за поставена урбана опрема, изградени детски игралишта, детски катчиња за најмладите, како и фонтани, чешми, по барање на граѓаните во таа насока ќе повторам дека треба да бидеме самокритични и да разбереме дека сите треба да ја чуваме животната средина и она што е изградено, а не да уништуваме. Инаку, од страна на општината се крпат ударните дупки и се асфалтираат улиците, а донесен е и новиот ДУП за Хиподром кој предвидува изградба на нова населба за 5 000 жители. Имаме одлична соработка со Градоначалникот кој е подготвен да нè прими секогаш кога го бараме тоа од него и и да ги ислуша нашите проблеми.

**Какви активности преземате вие како претседател на урбаната заедница за подобрување на животот на населението и што според вас е приоритет?**

Уште на почетокот на моето назначување како претседател на урбаната заедница сметав дека треба да проработат куќните совети, бидејќи првите поплаки доаѓаат тука, а и самите совети треба да се ангажираат во решавањето на проблемите. Дури и самиот из-



легов на терен и утврдив дека од 106 згради само во 10 има формирано куќен совет. Тој понатаму проблемите треба да ги пренесе до урбаната заедница, општината и надлежните институции. Од друга страна, посочив дека свеста за зачувување на околината треба да се иницира уште од најмали нозе. Затоа и го поздржувам донесувањето на Законот за јавна чистота со кој се предвидуваат ригорозни казни за оние што фрлаат смет на несоодветни места и ја уништуваат и загадуваат околината.

**Дали граѓаните имаат некои посебни забелешки на работата на општинската администрација и како ги решавате тие проблеми?**

Граѓаните сигурно имаат свои забелешки и тоа на разни работи. Една од нив се однесува и на работата на општинската администрација во однос на "бирократското шетање". Сепак, и овој проблем почнува да се решава откако е отворен едношалтерскиот систем во општината. Од друга страна, граѓаните бараат и побрзо издавање на градежни дозволи, со што би се забрзал и развојот на самата општина.

**Рековте дека не сте задоволни од работата на јавните претпријатија. Што посебно им забележувате?**

Јавните претпријатија конечно би требало да излезат од мечкина дупка и да почнат да ги извршуваат работите за кои се формирани. Тука мислам на редовно исфрлање на смет, чистење улица, кастрење гранки и уредување на зелените површини. Ова во моментот е запоставено. Градоначалникот повеќепати посредуваше и закажуваше средби со првите луѓе на јавните претпријатија, но резултати повторно нема. Тоа е и најгорлив проблем во нашата урбана заедница.

# да излезат од мечкина дупка



# ИНТЕРВЈУ СО ВЛАДО МЕНКОВ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УРБАНАТА ЗАЕДНИА МАЏАРИ 2

# европски



Урбаната заедница Маџари 2 сеноѓа во населба Ченто и истата се протега од бензинската пумпа на Лук Оил, по автопатот, до надвозникот во Маџари, потоа покрај ОУ "Дане Крапчев", до семафорите и понатаму по улицата "Јужноморавски бригади" до гробиштата Камник, заедно со локалитетот Камник.

**Урбаната заедница Маџари 2 се простира на голема територија. Можете ли да ни дадете лична карта на оваа населба во која и вие и вашето семејство живеете долги години.**

Урбаната заедница брои околу 6000 жители кои претежно живеат во индивидуални куќи и еден дел во околу десетина станбени згради. Во оваа заедница најголем број од жителите се Македонци, а исто така има и жители од другите етнички групи. Кон крајот на 2006 година градоначалникот Коце Трајановски заедно со Советот на општина Гази Баба помогнаа да се спроведат непосредни избори каде што граѓаните ги избраа членовите на Советот на урбаната заедница и на тој начин ја обновија. Во моментот, како привремена локација, Советот користи просторија на улицата"Антон Попов" до бензинската Мак Оил, кај хангарите.Тука граѓаните непосредно и активно ги градат своите ставови, даваат забелешки, сугестии, и најчесто доставуваат барања и така организирано се настапува пред органите на локалната самоуправа.

> Добивме ветување од страна на градоначалникот дека со преземање на културниот дом од градот на подолго користење, истото ќе се реновира и ќе ја задржи основната функција. Во рамките на објектот ќе се уреди и ќе се опреми старата просторија на Урбаната заедница. Со преселба на старите гробишта и изградба на црквичка на тој локалитет, сигурни сме дека тој дел ке наликува на европски уредена урбана заедница

**Како населба со голем број жители сигурно се соочувате и со бројни проблеми. На што најчесто се жалат жителите на Маџари 2 и кои според нив се приоритетни проблеми кои треба што поскоро да се решат во рамките на оваа урбана заедница?**

- Би го истакнал проблемот на жителите од Камник со легализирање на нивните домови. Тие ги имаат купено своите имоти пред дваесетина и повеќе години со меѓусебни договори. Во тој период не беше можно да се префрли земјиштето бидејќи истото беше национализирано. Сега, со процесот на денационализација, се јавуваат некои други сопственици на земјиштето кои бараат повторно да им се плати одреден надомест за ова земјиште. Кога ова би се подмирило, би требало да се плати 3% данок на земјиштето за кое градот донел одлука дека чини близу 100 евра за квадрат. Потоа следуваат надоместоци за комуналии кои се исто така со висока цена, и ако се земе предвид материјалната состојба на жителите, ова претставува проблем. Слични проблеми постојат и во другите делови на урбаната заедница. Проблем претставуваат и старите гробишта до Културниот дом, кој и самиот, во состојбата во која што се наоѓа, претставува проблем. Постојат и инфраструктурни проблеми со застарена фекална и одводна канализација и изградба на атмосферска. Потребно е проширување на патот до гробиштата Камник со изградба на тротоар и асфалтирање на споредните улички. Кај зградите кај старата полициска станица потребно е детско игралиште. Уредување на паркот со пристапни патеки и клупи, спроведување на атмосферска вода. На автобуските постојки е потребно поставување на натстрешници. Како проблем би го навел и паркирањето околу пазарот заради недостаток од паркинг простор во тој дел. Проблем претставува и хигиената, фрлање отпадоци и ненавремено собирање на сметот од страна на комуналните служби.

**Какви активности преземате за подобрување на урбаното живеење на граѓаните од Вашата урбана заедница и што според Вас треба да биде приоритет во наредниот период?**

- Советот на урбаната заедница одржува редовни состаноци секој прв понеделник во месецот, а по потреба и почесто. Како што напоменав, на тие



# Целта е да станеме уредена урбана заедница

состаноци најчесто ги разгледуваме иницијативите и барањата на граѓаните. Потоа на организиран начин се настапува пред органите на локалната, па и централаната власт, како што е примерот за заедничката иницијатива на граѓаните од урбаната заедница "Крсте Мисирков", "Јане Сандански" и Маџари 2 за ревизија на процесот на денационализација. Решавањето на секој проблем за нас претставува приоритет.

**Рековте дека проблемите на вашата урбана заеница ги посочувате на локалнаната власт . Каква е Вашата соработка со градоначалникот на Општина Гази Баба, Коце Трајановски и општинските служби и во што се состои таа соработка?**

- Соработката со градоначалникот Коце Трајановски е одлична, дури и подобра од соработката со општинските служби. За унапредување на соработката со општинските служби градоначалникот бара наше мислење за соработката со секој службеник посебно. Исто така, градоначалникот ни организира состаноци со директорите на јавните претпријатија еднаш месечно, со цел подобрување на нивните услуги. Голема благодарност до Градоначалникот за придонесот околу проблемот на жителите во месноста Камник во врска со снабдувањето со вода. Имено, сите се поврзани со нестандардни пластични црева на мрежата на водовод. Истите се кинат, водата постојано се излева по улиците со што се нагрдува животната средина, се губат материјални средства на граѓаните, се јавуаат тешкотии во наплатата, итн. Во врска со ова треба да се спомене придонесот на поранешниот директор на "Водовод", Миле Јанакиевски и сегашниот Игор Арнаудов за примање на контролните водомери од страна на "Водовод" и овозможување останатиот долг граѓаните да го платат на рати, со што се подобрува и наплатата на претпријатието. За комплетно решавање на овој проблем, градоначалникот Коце Трајановски започна проект за нова водоводна линија која се гради со средства на општината под надзор на "Водовод". Како пример за добра соработка би ја навел и обновата на паркот "Ченто", каде што повторно Градоначалникот е најзаслужен за неговиот денешен изглед и функција. Паркот сега има сопствен бунар за наводнување и работник кој се грижи за неговото одржување. Големо е задоволството кога ќе се прошета во паркот и ќе се види дека истиот е посетен од голем број жители, мајки со мали деца, постари лица кои таму се релаксираат од секојдневните обврски и се дружат. Секоја година по повод значајни празници за Република Македонија тука доаѓаат претставници на Владата и самиот премиер Никола Груевски, кој пред споменикот на Методија Андонов Ченто, заедно со граѓаните, положува свежо цвеќе. Општината има изградено и многу инфраструктурни објекти, тротоари, улици, одобрено е осветлување и изградени се паркиралишта.

**Што можете да кажете за дружењето на граѓаните во вашата населба, како и за културниот, забавниот и спортскиот живот на жителите во рамките на населбата?**

Добивме ветување од страна на Градоначалникот дека со преземање на културниот дом од градот на подолго користење, истиот ќе се реновира и ќе ја задржи основната функција. Во рамките на објектот ќе се уреди и ќе се опреми старата просторија на Урбаната заедница. Со преселба на старите гробишта и изградба на црквичка на тој локалитет, сигурни сме дека тој дел ке наликува на европски уредена урбана заедница. Во соработка со Општината, оваа година по повод 8 Септември, Денот на независноста на Република Македонија, урбаната заедница Маџари 2 организираше турнир во мал фудбал и ги покани сите месни и урбани заедници од нашата Општина. Покровител беше општината. Наградите ги додели градоначалникот Коце Трајановски. Во детска конкуренција екипата на Ченто доби пехар и комплет маички. Во женската конкуренција екипата на Ченто во финалето беше подобра од екипата на Триангла и доби пехар и маички, а во машката конкуренција победи екипата на месната заедница Смилковци, која исто така доби пехар и маички. Се надеваме дека со реновирање на културниот дом исто така ќе се создадат услови за повеќе дружење и подобрување на културниот и забавниот живот.



РАЗГОВОР СО ЦЕНЕ СТЕВКОВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА СМИЛКОВЦИ

# Смилковци е село што има светла иднина

**Ова место ги има истите проблеми како и другите рурални населби, нема канализација ниту организирано собирање на ѓубрето, јавниот превоз е премногу редок, но близината на обиколницата и новите патни врски со градот веќе натерале нови жители да се населуваат таму**

**Од кога постои селото Смилковци и колку жители има?**

- Селото постои одамна, но порано се наоѓало во подножјето на планината Скопска Црна Гора, спроти Булачани. По Втората светска војна луѓето се преселиле на денешната локација, затоа што таму им биле нивите, но и теренот е порамен и со подобри услови за живеење, а и градот е поблиску. Денес има 95 домаќинства со околу 360 жители, со средна старосна структура на населението. Не е доминантно ниту старото, ниту младото население.

**- Веројатно тој број во минатото бил поголем?**

- Напротив. Нашето село има тенденција на проширување. Луѓе од градот што порано се иселиле сега повторно се враќаат, а има и неколку нови жители што не се повратници. Очекуваме тој број и понатаму да се зголемува. Новите патишта овозможија да бидеме оддалечени само четири до пет километри од градот, па условите за живот станаа подобри. За развојот дополнително ќе придонесе и новата индустриска зона што се очекува да се изгради покрај обиколницата, која ќе отвори нови работни места. Мислам дека селото има светла иднина.

**- Со што се занимава населението?**

- Главно со градинарство, најмногу се одгледуваат пиперки, домати, зелка и слично. Но малкумина се тие што обработуваат големи површини и сериозно се занимаваат со земјоделство. На повеќето им е втора работа или ја обработуваат земјата за своите потреби.

**- Кои се најголемите проблеми со кои сега се соочувате?**

- Слични се како и во другите рурални места. Проблем број еден е канализацијата. И за ѓубрето немаме решение, но од општината ветуваат дека нивното јавно претпријатие наскоро ќе почне да го собира. Имаме ветување дека ќе се асфалтира секундарната патна мрежа во должина од околу 1.700 метри. Водоводот ни е добар, како и електричната мрежа.

**- Како се снаоѓате со превозот?**

- Тоа е исто така огромен проблем. Автобусот $65^{Б}$ сообраќа многу ретко, наутро, па дури напладне. Пет месни заедници баравме од ЈСП да ја засили линијата, но немаме одговор. Тоа им прави голем проблем пред сè на децата. Во Смилковци нема основно училиште, учениците одат во Црешево, а има и средношколци. Возниот ред не се совпаѓа со нивните распореди на часовите, па така времето што им е потребно за учење го трошат чекајќи автобус.

**- Кои ви се главните активности како месна заедница?**

- Сега сме сконцентрирани на патната мрежа, а ќе бараме и водоводот да се префрли на општинското јавно претпријатие, како и да почне да се собира ѓубрето и да се чистат јамите додека не се направи одвод.

**- Како комуницирате со граѓаните?**

- Често закажуваме состаноци и се собираме во голем број. Разговараме за разни активности, како и за тоа кои проблеми се главни за да се решат.

**- Како ви се одвива соработката со општината Гази Баба и со градоначалникот Коце Трајановски?**

- Со Градоначалникот се познаваме од поодамна. Понекогаш нашите барања се исполнуваат нешто побавно, но веројатно толкави се и можностите на Општината. Во секој случај, засега е добро.

**- Што очекувате во иднина?**

- Треба да се направи спортски терен за фудбал, за младината да се ангажира. Има ново игралиште и децата се рекреираат во слободното време, а организираме и турнири. Се надеваме и дека ќе се направи клучка на обиколницата со која ние ќе можеме директно да се приклучуваме на неа. Исто така, Фондот за патишта треба да го поправи регионалниот пат Црешево-Смилковци-Бутел, затоа што тој беше многу оштетен со изградбата на обиколницата, пред сè при превозот на една трафостаница, кога патот целосно пропадна. Го ископаа и го оставија така. И некој треба да го реши проблемот со големата депонија надвор од селото, покрај патот, поради која е стеснет коловозот.

**РАЗГОВОР СО СТОЈАНЧЕ НАУМОВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ИНЏИКОВО**



Овој голем и скап проект ни предизвикува огромни проблеми, не само затоа што се уште живееме со септички јами, туку бидејќи жители на Сингелиќ веќе се приклучени на мрежата и при секој дожд фекалиите што ги испуштаат избиваат на површината во Инџиково и ја загадуваат околината, вели Наумовски

# Фекалната канализација мора најитно да се изгради

**Колку жители има населеното место Инџиково?**

- Во Инџиково има околи 1.000 куќи, што значи тука живеат од 4.000 до 5.000 жители. Населбата е мошне стара, но во последниов период сè повеќе расте и се развива. Очекуваме дека наредниве години ќе добиеме уште 1.000 или дури 2.000 жители, затоа што тука почнаа да се градат и фабрики, односно полесна индустрија.

**- Со што се занимаваат жителите?**

- Има околу 100 куќи земјоделско население, тие се претежно староседелци. Тие одгледуваат пред сè градинарски култури, како пипер, домати и слично. Другите работат во разни фирми и институции или, пак, се невработени.

**- Каква е етничката структура?**

- Има жители од повеќе етнички заедници: Македонци, Албанци, Роми и други. Немаме никакви меѓуетнички, ниту политички недоразбирања. Соживот меѓу населението има и особено наоѓаме меѓусебно разбирање за заедничките проблеми што нè мачат.

**- Колку време сте претседател на месната заедница и како се одвива вашата работа?**

- Јас сум според стажот најстар претседател на месна заедница на подрачјето на Општината Гази Баба. На ова место сум дури 20 години. Четворица градоначалници се сменија за тоа време. Како месна заедница редовно одржуваме состаноци со Советот и расправаме како да ги подобриме условите за живот во Инџиково, како улиците, осветлувањето и слично.

**- Кои се најголемите проблеми со кои се соочувате?**

- Фекалната канализација е убедливо најголемиот проблем што го имаме. Долго време се гради, но никако да се доврши. Станува збор за многу голем и скап проект кој се влече со години. Сè уште не е изградена главната мрежа која треба да се протега до автопатот, за да може потоа да почне изградбата на секундарната канализација, односно да се поставуваат цевките на кои ќе се приклучуваат граѓаните. Многу сме благодарни што градоначалникот Коце Трајановски многу вложува за да се доврши овој проект, но, за жал, разочарани сме од скопскиот градоначалник Трифун Костовски, кој не презема доволно. Работа на градот е да ја доврши мрежата до автопатот.Уште поголем проблем е што околу 500 до 600 куќи во Сингелиќ веќе се приклучиле на мрежата и пуштаат фекалии низ неа, па кога ќе заврне дожд сите тие излеваат на површината кај нас. Благодарение на градоначалникот Трајановски сето тоа се чисти во најбрзо време со цистерни. Но тоа не може да биде трајно решение. Мора најитно да се догради мрежата и да го решиме овој проблем.

**- Каква е состојбата со јавниот превоз и како сте поврзани со остатокот од градот?**

- Имаме градски автобус, но веќе подолго време бараме од ЈСП и од градот да ја засили линијата во викендите. Има луѓе што работат во приватни фирми и на нив им е потребен превоз и во сабота и во недела.

**- Што е со улиците и со патиштата?**

- За жал, и тоа е поврзано со фекалната канализација. Улиците редовно се крпат и се поправаат за да се одржуваат во возна состојба. Но не може да се преземе некоја посериозна акција за целосно санирање, затоа што треба да почекаме прво жителите да се приклучат на фекалната мрежа за да не се копа нов асфалт. Исто така, сакаме да ја викнеме Геодетската управа за да утврди кој сè узурпирал делови од улиците, затоа што се премногу тесни и таа состојба сè повеќе се влошува. Има луѓе што си преградиле делови од коловозите и си ги припоиле кон дворовите. Главната улица, по која се одвива и јавниот сообраќај, беше широка осум метри, а сега одвај можат да се разминат две возила.

**- Каде се образуваат учениците?**

- Одат дури до училиштето Дане Крапчев. Бараме да се отвори училиште овде, барем до четврто одделение. За тоа добивме ветување и од градоначалникот и од вицепремиерот Зоран Ставрески.

**- Како ви се одвива соработката со општината?**

- Општината и градоначалникот Коце Трајановски се трудат да вложат во Инџиково колку што можат повеќе. Направија спортско игралиште, а се планираат и други проекти. Заеднички треба да се погрижиме и за хигиената, затоа што во околината има повеќе диви депонии што ги прават жители од други населби, кои доаѓаат дотука да го истурат своето ѓубре.

**- Дали има советник од Инџиково во Советот на општината Гази Баба?**

- За жал, нема советник кој повеќе би се залагал за решавањето на нашите проблеми. И како месна заедница функционираме добро и се состануваме со органите на Општината. Би било добро на наредните избори да добиеме советник и од ова место, затоа што сме околу 4.000 жители и би требало да бидеме претставувани во Советот.

РАЗГОВОР СО МАРЈАН ИЛИЕВСКИ, КИНДЕР БАСКЕТ

# Кошарката ме избра мене, а јас ги избрав



**Кажете нешто повеќе за вашата спортска кариера. Каде сè сте настапувале како професионален кошаркар и кои ви се позначајните успеси?**

Мојата спортска приказна започнува во училишниот двор на ОУ Вера Јоциќ на осумгодишна возраст. Но определбата за кошарката дојде онака бурно и силно како што се случува првата љубов. Практично, моето прво навлегување во тајните на спортот и живеењето по правилата кои ги наметнува спортот се случи со фудбалот, но мојата прва вистинска љубов е кошарката која по четиригодишно тренирање фудбал, на дванаесетгодишна возраст, ме натера да раскрстам со фудбалот и да зачекорам во дресот на клубот МЗТ - Скопје, што самото засебе значеше почеток на кошаркарска кариера. Од тој миг почнав и да го живеам сонот кој отсекогаш го сонував. Следуваа успеси кои сè повеќе беа мотив за натамошна успешна приказна. На 16 години, како најмлад и најефикасен играч, ја понесов огромната заслуга за пласирање на клубот во кој тогаш играв (Унион Гас) од третата во Втората кошаркарска лига на Македонија. Практично, многу набрзо дојдоа и понудите за игра во првата македонска кошаркарска лига што беше дефинитивно остварување на сонот. Неметали Огражден од Струмица беше клубот во кој на 18 години првпат заиграв во прволигашки дрес. Оттогаш следуваа постојаните понуди и трансфери и се нижеа: Вардар - Скопје, Куманово од Куманово, Никол Ферт - Гостивар, Соко Штарк од Скопје... Она што сакам да го истакнам е неверојатното чувство и енергијата која ме следеше во сите овие трансфери, а тоа е дека во клубовите во кои играв, во времето кога играв за овие клубови, практично, без исклучок, тоа беа и најдобрите сезони на самите клубови. Само на ретките им е дадена можноста да го доживеат она што се случуваше во времето кога бев играч на Куманово од Куманово. Во тие пет, досега неповторени сезони, Куманово беше желба на секој кошаркар.

**Зошто ја избравте токму кошарката за ваша животна определба?**

Во мојот случај беше обратно. Практично, кошарката ме избра мене.

**Како ја оценувате сегашната состојба со кошарката во Македонија, не само сениорската, туку и работата со млад кадар?**

Присутноста на публиката во салите е вистинскиот одговор на Вашето прашање. И покрај тоа што последниве неколку години се забележуваат извесни позитивни импулси во делот на вложување и поттикнување на младите да се занимаваат со овој спорт, сепак сметам дека сè уште треба многу да се вложи во обуката на младите кошаркари, со што ќе се придонесе за создавање подобар квалитет, поинтересни натпревари и конечно враќање на публиката во салите во онаков обем каков што дел од нас доживеале и паметат. Точно е дека младиот кадар е вистинското место од каде што треба да се тргне, но единственото нешто што претходно треба да го расчистиме е состојбата со квалитететна и стручна обука што ја добива тој. Во моментов состојбата со младиот кадар е апсолутно лоша затоа што голем дел од него се наоѓа во раце на недоволно подготвени и стручни тренери, чии лични интереси се поставени на преден план, а во остварување на истите честопати не бираат начин и средства.

> И покрај тоа што последниве неколку години се забележуваат извесни позитивни импулси во делот на вложување и поттикнување на младите да се занимаваат со овој спорт, сепак сметам дека се уште треба многу да се вложи во обуката на младите кошаркари со што ќе се придонесе за создавање подобар квалитет, поинтересни натпревари и конечно враќање на публиката во салите во онаков обем каков што дел од нас доживеале и паметат

**Што ве мотивираше по завршувањето на кариерата да ја основате школата Киндер баскет? Дали и порано сте работеле со млад кадар во кошарката?**

Токму затекнатата состојба во обуката на младите категории и прецизното сознание за сопствените кошаркарски квалитети и можности, стручност и професионалност. Многу е лесно да се нафатите да го работите она во кое што знаете дека можете да го дадете својот максимум. Од оваа временска дистанца направените успеси се доказ за тоа. Дарбата за пренесување на сопствените знаења секој од нас ја носи од раѓање и, за жал, тоа е нешто што не можете да го стекнете како вештина во текот на животот. Едноставно, или го имате или го немате. Уште за време на активната кошаркарска кариера, работата со помалку искусните беше некаков показател за мојата предиспозиција за пренесување на сопствените знаења. Од денешен агол, не само успешноста која ја постигнуваат младинските екипи на КК Киндер баскет, туку и поставувањето на местото селектор во изминативе 4 години за младинските категории на државните селекции се доказ за мојата вистинската определба.

**Колку години постои школата и колку деца веќе поминале низ неа?**

Практично, станува збор за кошаркарски клуб, а не за школа како што Вие ја нарекувате. Иако со оглед на тоа што Клубот веќе 6 години обучува и школува кошаркари, сосема е логично што Ви се наметнува потребата да зборувате за Клубот како за Школа. Но, мојата идеја




# младите кадри

на работа со младиот кадар не се завршува само со обуката, сметам дека не само обука, туку доколку на младите им создадете и можност и каде да го покажат тоа што го научиле, тогаш сте го направиле вистинското. А за да можат да се натпреваруваат, потребно беше да се формира кошаркарски клуб. Така и се создаде КК Киндер Баскет кој во текот на годиниве, покрај обука на млад кадар, од своите редови создаде и обучи неколку мошне квалитетни и перспективни кошаркарски тренери.

**На која возраст децата се ангажираат во неа?**

Работиме со категории од 6 до 18 години, а новоста која ја подготвуваме од оваа година е формирање на сениорскиот тим на КК Киндер баскет. Во моментов, во општина Гази Баба работиме во училишните сали на ОУ Вера Јоциќ, ОУ Крсте Мисирков, ОУ Григор Прличев, при што во оваа прилика би сакал да се заблагодарам за покажаното разбирање од страна на директорите на овие основни училишта како и на Општината Гази Баба во договорите и отстапувањето на термините во училиштата за потребите на Клубот.

**Како се одвиваат тренинзите? Колку се редовни, по колку траат и што сè вежбаат децата?**

Киндер Баскет е кошаркарски клуб во кој со целата своја сила се фокусираме на младите луѓе. Тимската работа, но во истовреме индивидуалниот пристап е главниот белег на нашиот клуб. Поделбата на групи се прави селективно, според возраста, а бројот, интензитетот и содржината на тренинзите се дозираат и конципираат кај сите групи различно, исто така во зависност од возраста. Притоа, се внимава во текот на тренажниот процес да посветиме внимание не само на процесот на успешна работа со топка, туку и на насочување и создавање чувство кај поединецот за препознавање на вистинските вредности и оформување во квалитетна личност подготвена за предизвиците на животот. Затоа нашето мото е - Не мора секој да стане кошаркар, но секој мора да добие шанса да стане човек.



**Кои се најголемите успеси на децата? Има ли некои што посебно се истакнале и за кои мислите дека им претстои богата кариера?**

КК Киндер Баскет во своето шестгодишно постоење постојано бележи успеси. Најголем успех досега кој претставуваше мотив за помладите и поттик за поискусните да бидат и натаму најдобри беше освојувањето на првото место на државното првенство во младински категории. Но ниеден успех не доаѓа без напорна работа. Токму затоа, КК Киндер Баскет во својата агенда вгради учество на домашни и меѓународни турнири од каде честопати клубот се враќа со пехари и медали, исто како што беше случајот и со последниот одржан во Задар од каде КК Киндер Баскет се врати со освоено трето место. Но, досегашното регрутирање на над 10 репрезентативци во националниот дрес и двајца сениори во Првата македонска лига е факт кој самиот по себе говори за успешноста и квалитетот на нашиот клуб. Клубот ги учи идните професионалци дека најважно е да го живеат сегашниот миг, без претскажувања и претпоставки, и дека најголемото богатство во спортот е секое ново пријателство. Токму затоа, дозволете ми во тој дух да е одговорот на делот од прашањето: и покрај тоа што клубот создаде големи таленти кои, сигурен сум дека ги очекува одлична кошаркарска приказна, сепак, дали тоа ќе се исполни или не зависи само од нив, зависи од тоа дали научиле и сфатиле дека горделивоста, неискреноста пред себеси и суетноста се најголемите човечки маани кои не водат никаде. Се зависи од самите нив. Практично, основното нешто што треба да го научат е дека успехот е патување, а не дестинација.

**Дали школата може да го даде првиот македонски кошаркар во НБА?**

Доколку секој играч го даде својот максимум во клубот каде што настапува, несомнено е дека патот кој ќе го чекори може да го одведе до најголемите височини, кои верувам, се сон на секој кошаркар.

**Како ви се одвива соработката со Општината Гази Баба, особено со училиштето Крсте Мисирков, кое е државен шампион во кошарка?**

Вистинска привилегија е да се соработува со луѓе кои се визионери и даваат поддршка на сè што е напредно и успешно. Секоја соработка која почива на меѓусебна доверба, искреност и професионалност е осудена на успех, па така можам да кажам дека особено изминатава година поддршката и помошта која ја добиваат младите од Клубот од општината Гази Баба, пред сè овде мислам Градоначалникот на Општината, господинот Коце Трајановски, е доказ дека човек најдобро се чувствува и е најуспешен кога прво е разбран и е поддржан од "домашните". Како единствен кошаркарски клуб чие седиште е во општина Гази Баба КК "Киндер Баскет" е задоволен од досегашната соработка со Општината и се надева дека Општината на чело со Градоначалникот и натаму ќе знае да одговори на поставените предизвици, како што беше неодамнешниот при посетата на Меѓународниот турнир во Задар, кога Општината Гази Баба во целост ги покри трошоците за патувањето дотаму. И пример дека децата знаат најдобро да ја почувствуваат подадената поддршка и помош е токму ОУ Крсте Петков - Мисирков кое е државен шампион на ниво на основни училишта, а каде главни носители на тимот се кошаркарите на КК Киндер Баскет.

**Кои други активности ги подготвувате или ги спроведувате со општината?**

Како кошаркарски клуб кој е единствен со седиште во Општина Гази Баба, КК Киндер Баскет верува и на натамошна идна одлична соработка со Општината и реализација на сето она што е договарано и ветено од страна на градоначалникот, господин Коце Трајаноовски. Но еве реализацијата на овие планови во зародиш нека се повод за следното интервју. Дотогаш КК Киндер Баскет продолжува секојдневно да бележи победи преку создавање на постојано насмеани детски лица и весели детски очи полни со очекувања, предизвици, соништа...







# Отворени забавни фудбалски школи во Гази Баба

На отвореното фудбалско игралиште во населеното место Гоце Делчев, од 25 до 29 август се одржаа "Отворени забавни детски игри".

Организатор на игрите беше Општината Гази Баба во соработка со данско-норвешка организација "Отворени забавни фудбалски школи - Open fun football schools.

Во оваа манифестација учествуваа околу 200 деца на возраст од 7 до 11 години, од основните училишта на територија на општина Гази Баба. Тимовите составени од по 16 деца и тренер, се натпреваруваа на 12 маркирани полиња. Сите учесници добија опрема.

Игрите беа затворени со свечена програма, вечерта на 29 август на отвореното фудбалско игралиште во населеното место Гоце Делчев. Во програмата настапија деца од основните училишта: Григор Прличев, Наум Наумовски Борче, СОС Детското село и културно уметничкото друштво "Јонче Христовски".



Комплетната спортска опрема по завршувањето на Отворените забавни детски игри Општината Гази Баба како организатор, во соработка со норвешко - данската организација "Open fun football schools" ја додели како донација на 11 основни училишта, 17 фудбалски клубови, младински школи и на СОС Детското село.

Донацијата се состои од 190 фудбалски топки, 100 маркер маици, чуњеви, мини голови, хокеј сетови и друга придружна опрема.

Опремата беше доделена од страна на градоначалникот на Општината Гази Баба, Коце Трајановски.

-Со овие донации значително ќе се подобри квалитетот на наставата по физичко образование, сметаат општинските власти.



# Спортската опрема од Отворените забавни детски игри за училиштата и клубовите











РАЗГОВОР СО БОРИС ЈОСИФОВСКИ, СОВЕТНИК



# Гази Баба мора културно

**Како ја оценувате работата на Советот во изминативе три и половина години? Дали соработката секогаш се одвиваше на високо ниво или политиката понекогаш ја попречуваше работата?**

Морам да нагласам дека на почетокот на мандатот голем дел од времето и енергијата ја потрошивме на враќање на старите наследени долгови, сè со цел доведување на Општината на здрави нозе и создавање услови за позитивно работење. Успеавме да ги вратиме и секој следен чекор е кон зајакнување и продолжување на развојот на општина Гази Баба.

> Треба да се заложиме за поголем број културни настани и манифестации на тлото на општината, како ликовната колонија во Виниче, но и да ја подигнеме јавната свест за значењето на археолошкото богатство

Мислам дека овој состав на Советот направи позитивен курс на делување и остварување на ветеното, иако секогаш може и повеќе и подобро. На нас, советниците, е оставено да внимаваме да се носат објективни одлуки од кои придобивка ќе имаат сите граѓани на општина Гази Баба. Можам да потенцирам дека без разлика дали се работи за улици или паркови или, пак, носење на детални урбанистички планови, советниците од ВМРО-ДПМНЕ секогаш внимавале и ги следеле интересите на граѓаните, а тоа се гледа и во големиот процент на реализирани проекти. Кога се работи за локална самоуправа, не би требало да предничат личните или партиските интереси, туку напротив, создавањето подобри услови за живеење во оваа наша општина.

Можам да констатирам дека во изминативе три и половина години советниците од опозицијата знаеа да бидат и конструктивни, но и да има несогласувања по одредени прашања и одлуки кои ние сметавме дека се важни за граѓаните на општина Гази Баба. Би сакал да ги охрабрам сите сегашни и идни советници да ја продолжат праксата на добри меѓусебни односи и висок степен на реализација на зацртаните годишни планови.

**- Кои се најважните работи што го очекуваат советот во преостанатите шест месеци од мандатот?**

Секако дека една од најважните одлуки што овој советнички состав и градоначалникот ги донесоа е градењето на плоштадот во населбата Автокоманда, репрезентативно место каде што ќе може да се соберат повеќе илјади луѓе, простор каков што имаат сите големи општини, а еве набрзо и нашата ќе го има истото. Исто така, посебно би сакал да го истакнам и задоволството што на тој плоштад ќе има и спомен-обележје на коњаник и фонтана според светски стандарди со кои ќе се гордее секој граѓанин на општина Гази Баба.

**- Како советник, кои се според вас приоритетите и главните проблеми на општината Гази Баба и за кои лично сте се залагале?**

Како човек од културата морам да истакнам дека еден од најважните приоритети ми е да се залагам за културното развивање на општината, бидејќи сметам дека културата сама по себе е мошне значаен дел од животот на луѓето. Со гордост можам да го потенцирам археолошкиот локалитет Тумба Маџари, простор на кој се живеело уште од времето на неолитот, а денес се наоѓа на територија на општина Гази Баба.

Во иднина треба да се заложиме и за зголемување на бројот на културни настани и манифестации кои веќе започнаа да се прават на тлото на нашата општина, како на пример веќе традиционалната Ликовна колнија во Виниче итн. Секако, тука би требало да се напомене и поддршката на големиот број на културно-уметнички друштва на територијата на општината, а меѓу нив и едно од најуспешните воопшто во државата, КУД Јонче Христовски. Тоа го покажува нашето чувство за негување и зачувување на традицијата и на вистинските вредности



# да се развива

од нашето богато културно наследство.

Освен вниманието кое ѝ го посветувам на културната обнова на општина Гази Баба, секако дека се интересирам и се залагам за решавање и на останатите проблеми со кои се соочуваат граѓаните. Како што е веќе познато, нашата општина ја сочинуваат и урбани и рурални месни заедници во кои има и различни инфраструктурни, комунални и други проблеми. За сите нив ние како советници, посебно со залагање на градоначалникот Коце Трајановски, се трудиме и наоѓаме решенија. Како жител на Автокоманда би сакал да го споменам и проблемот со локацијата на таксистите за кои интезивно се разговара за изнаоѓање на трајно решение.

**- Како ви се одвиваат контактите со граѓаните и на што тие најчесто се жалат?**

Контакт со граѓаните мора да постои и постои, бидејќи ние и сме избрани од нив со цел да ги решаваме нивните проблеми. Постојат голем број на барања кои се обидуваме да ги лоцираме и секако да ги решиме преку редовното присуство на средбите со граѓани, на советниците и Градоначалникот како и во секојдневниот контакт со граѓаните. Значајно е да се истакне и отпочнувањето на вистинското функционирање на урбаните и месните заедници и нивно охрабрување во намерите да бидат мост помеѓу Градоначалникот и советот со граѓаните. Како што и веќе напоменав проблемите се разликуваат во зависност од местата на живеење.

**- Како го гледате развојот на општината Гази Баба во наредниот период, но и во подалечна иднина?**

Општина Гази Баба е една од најнапредните општини во Република Македонија, а г-динот Трајановски е еден од најуспешните градоначалници. Економскиот развој на Општината е во нагорна линија. Иако е тешко да се привлечат инвеститори, сметам дека Градоначалникот мошне упорно и успешно работи на оваа проблематика. Како исклучително успешен пример е веќе започнатата изградба на комплексот ЕРА сити Скопје, кој треба да биде најсовремен деловен, трговски и забавен центар во регионот и, секако, од огромна важност се и предвидените 800 нови вработувања што и ќе овозможи заживување на Општината. Исто така блиската и отворена соработка со државните институции и Владата на Република Македонија и нивната инвестициона политика ни дава голема можност и перспектива за уште поголем екомномски напредок.

**- Бидејќи по професија сте дипломиран историчар на уметноста и археолог, сигурно знаете дека подрачјето на општината Гази Баба нуди многу можности за истражување. Кои се, според вас, најинтересните локалитети и дали има некои на кои сè уште не им е посветено доволно внимание?**

Република Македонија е земја со богата културна традиција и историја, поседува големо културно богатство, таа е библиска земја и крстосница на многубројни култури. За наша среќа, како што веќе споменав, еден од најзначајните локалитети се наоѓа на просторот на нашата општина, кој е од голема важност не само за нашата држава туку и многу пошироко. Тоа е местото Тумба Маџари, простор на кој имало живот уште 6000 години п.н.е.

Секако дека во иднина треба да се обрне внимание и на неколкуте стари цркви на територија на општина Гази Баба кои исто така треба да се спомена̂т како интересни за истражување со што се потврдува дел од нашата историја, минато, традиција и начин на живеење на овие простори.

**- Колку општинската управа и Советот можат да придонесат во истражувањата, но и во промоцијата на старите локалитети?**

Подигнувањето на свеста за значењето на културата и културното наследство е значаен сегмент за едно општество.

Градоначалникот, исто како и Советот на општина Гази Баба е свесен за ова и морам да истакнам дека имаа посебен приод и чувство во намерата за повторното ревитализирање на локалитетот Тумба Маџари. Заедно со Музејот на Македонија и Министерството за култура финансиски го помогнаа овој проект и на него се работи интензивно веќе цела година. Како резултат на таа поддршка е и моменталната реконструкција на неолитското село во неговиот вистински изглед од пред 6000 години. Тоа што треба да следи е неговата промоција пред граѓаните, како и можност за развивање на културен туризам преку вакви раритетни локалитети кои претставуваат своевидна атракција.

**- За крај, бидејќи мандатот ви завршува за шест месеци, какви ви се амбициите во иднина? Дали повторно ќе се кандитирате за место во Советот?**

Видете, морам да истакнам дека моите ангажмани и обврврски во рамките на Министерството за култура на Република Македонија се големи и бараат голема посветеност и упорност во извршување на истите. Темпото на работа е исклучително динамично, бидејќи и проектите предвидени во делот за култура од програмата Преродба, надградена и проширена, се големи и комплексни. Од друга страна, да се биде советник во општина Гази Баба бара исто така многу време, постојани средби со граѓани, соочување со суштински проблеми од урбаното живеење, разни реални и нереални барања кои стануваат дел од секојдневието на секој советник. Сепак, сè уште е рано да разговараме дали повторно би прифатил да бидам кандидат за советник.

**Членови на Советот на општина Гази Баба**

| | |
|---|---|
| Кире Бузлиев | (ЛП) |
| Ратко Илиевски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Борис Јосифовски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Марјан Крстевски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Елизабета Спасовска | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Тони Трајковски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Вукашин Стојанов | (ЛП) |
| Аница Пупиноска | (СПМ) |
| Дејан Наумовски | (ДС) |
| Благојче Трпковски | (независен) |
| Слободан Лаковски | (ТМРО) |
| Ељфет Исмаили | (ДПА) |
| Хајредин Сулис | (ПДП) |
| Хамзи Исени | (НДП) |
| Живко Зафировски | (ВМРО-НП) |
| Зоран Јовевски | (ВМРО-НП) |
| Соња Каранџулоска | (независен - поддржана од ВМРО-НП) |
| Зоран Коцевски | (ВМРО-НП) |
| Кирил Псалтиров | (ВМРО-МАК) |
| Јасминка Георгиева | (СДСМ) |
| Радмила Кирковска | (СДСМ) |
| Горанчо Паунов | (СДСМ) |
| Миодраг Станојевиќ | (НСДП) |
| Орде Стефков | (СДСМ) |
| Зоран Стојанов | (ЛДП) |
| Ерхан Али | (НА) |
| Џемаил Хамити | (НА) |

СТУДЕНТСКИОТ ЦЕНТАР ВО АВТОКОМАНДА – ПЕШАЧКА ОАЗА

# Студентите од Стив Наумов ќе добијат современи услови за престој

Студентскиот центар "Стив Наумов" во населбата Автокоманда ќе прерасне во модерен и европски студентски град. Тоа е предвидено со новиот предлог ДУП "Студентски центар "Стив Наумов" , кој е вцртан како приоритет во Програмата на Владата на Република Македонија.

Со планот се предвидува да се задржат постојните објекти, а ќе се градат и неколку нови за групно домување.

-Изградбата на новите објекти беше предвидена и во минатиот ДУП, но сега се направи и измена на парцелизацијата на објектите. Исто така, со планот се предвидува да се изгради и голема катна гаража, а самиот студентски центар ќе биде пешачка оаза. Со други зборови, сообраќајното решение е така направено, јавниот надворешен сообраќај да заврши со катна гаража, а потоа да продолжи пешачката зона. Така впрочем налагаат и прописите за изградба на студентски градови, потенцира Мирослав Марковски, раководител на Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежното земјиште.

Според планот, ќе се гради објект со површина од 6.000 метри квадратни, веднаш зад општинските бараки во насока на Факултетите. За таа цел веќе се

> Со ДУП "Студенстки центар "Стив Наумов" се предвидува да се задржат постојните објекти, а ќе се градат и неколку нови за групно домување, како и катна гаража

распишани тендери и се изработени проекти.

Маровски вели дека изградбата на новите објекти нема да му штети ниту на дендро паркот, во рамките на Земјоделскиот факултет, ниту пак на постојната црква "Свети Архангел", за што е консултирана и Македонската православна црква.

Друг Детален урбанистички план кој е приоритет на Владата и кој исто така е во предлог-верзија во Општината Гази баба е ДУП УДВНМ заобиколница вон населено место. Планот го опфаќа просторот од клучката Хиподром до првата наредна клучка и е со површина од 250 хектари. Објектите предвидени со овој плaн ќе бидат наменети за трговија, односно шопинг молови и лесна индустрија(стоваришта, администрација, магацини).

- Во моментов правиме документи за добивање согласност од Министерството за земјоделство, бидејќи земјиштето од земјоделско треба да се пренамени во градежно, вели Марковски. Овој план треба да ѝ овозможи развој на Општината на долгорочен период од 10 години.

Третиот план кој исто така е приоритет и на Владата и на Општината е планот за двете Железарски езера на Камник. Со него се предвидува ревитализирање на езерата кои се лоцирани во непосредна близина на заобиколницата. Се работи за површина од 45 хектари, кој се планира да прерасне во спортско-рекративен центар во чии рамки ќе бидат изградени објекти во функција на спортските терени (тениски игралишта, покрај кои би имало снек-бар со фитнес клуб, потоа мини голф, со базен или мали мотели итн). Замјиштето е во мешовита приватна и државна сопственост.

За овие три плана Владата издвои 6.260.000 денари од кои 4 милиони денари за заобиколницата, 960.000 денари за



студенсткиот центар "Стив Наумов" и 1.300.000 денари за двете Железарски езера.

Освен овие приоритени ДУП, Општината Гази Баба го изготвува и ДУП "Еуроимпекс", кој зафаќа 2,7 хектари. Тој го опфаќа просторот на почетокот на улицата "Антон Попов", спроти Агросервис, другата џонса ре булеварот "Александар Македонски" и едена сервисна улица.

Сопственик на земјиштето е "Еуроимпекс" кој го застапува брендот "Пежо". - Тие имаат идеја да направат обејкти за домување, со тоа што во приземјето и мезанинот би имало и деловни простории. Воедно, планираат и да иницираат измена на ГУП за град Скопје за да можат да изградат и авто-сервис кој ќе нуди услуги со висок квалитет, објаснува Марковски.

Исто така, во подготовка е и ДУП "Трговски центар Маџари" кој го опфаќа просторот кај кино Маџари, поштата, обложувалницата "Брус", како и просторот зад "Агромеханика". Според планот, трговскиот центар ќе опфаќа површина од 5.500 квадратни метри. Во рамките на центарот ќе има гаражи со магацини, додека во горниот дел, покриен пазар со деловни простори, односно бутици, а во најгорниот кат канцеларии. Бидејќи земјиштето е државно, најповолниот инвеститор ќе се избере по пат на јавна лицитација.







Дворот на општина Гази Баба

## Сервисни информации:

| | |
|---|---|
| Поликлиника - Ченто | 2 522 352 |
| Здравствена станица - Железара | 3 287 692; 3 278 758 |
| Здравствена станица - Автокоманда | 3 173 563 |
| Здравствена станица - с.Црешево | 2 575 358 |
| Здравствена станица - с.Булачани | 2 575 956 |
| Здравствена станица - Колонија Идризово | 2 546 463 |
| Гинекологија и акушерство РЕМЕДИКА | 2 603 100 |
| Домашна посета и патронажа - Гази Баба | 2 622 331 |
| Ветеринарна болница | 3 120 394 |
| Полициска станица - Гази Баба | 3 223 490 |
| Пожарна | 193 |
| Регионален центар за управување со кризи-Гази Баба | 3 240 000 |
| **Пријава на ПТТ дефекти** - Ченто | 9777 |
| приградски | 9779 |
| Детско СОС село | 2 520 424 |
| Хотел Континентал | 3 116 599 |

## Контакти со општина Гази Баба

**Адреса:**

Бул. "Александар Македонски" бб, Скопје

**Телефони:**

| | |
|---|---|
| Градоначалник | 02/ 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02/ 3 22 56 55 |
| Сектор за финансии и буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем | 02/ 3 22 56 55 |
| Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште | 02/ 3 23 95 34 |
| Сектор за инспекциски работи - инспекторат | 02/ 3 22 28 76 |
| **Факс** | 02/ 3 21 51 12 |
| **e-mail** | **contact@gazibaba.gov.mk; kabinet@gazibaba.gov.mk** |
| **Интернет адреса** | **www.gazibaba.gov.mk** |

## ЦЕНОВНИК ЗА РЕКЛАМЕН ПРОСТОР

| | |
|---|---|
| Цела страница | 200 евра |
| Половина страница | 125 евра |
| Третина страница | 90 евра |
| Четвртина страница | 70 евра |
| Осмина страница | 40 евра |
| Лого на насловна страница | 500 евра |
| Последна страница | 400 евра |
| Еден см² | 1 евра |
| Инсертирање флаер | 1.000 евра |

(Цените се без вклучен ДДВ)

Весникот ОГБ се печати на 32 колорни страници со формат А4. Излегува еднаш на три месеци во тираж од 20.000 примероци. Рекламите се доставуваат во TIFF формат и резолуција од 300 dpi. За изнајмување рекламен простор однапред за неколку броеви следува попуст. (За 6 месеци 15% и за 12 месеци 20%)

Општина Гази Баба

**Главен и одговорен уредник:** Емилија Кипровска

**Заменик главен и одговорен уредник:** Неделчо Крстевски

**Компјутерска обработка и дизајн:** Дејан Стојанов

**Печати:** Европа 92

**Тел:** 02/3 22 28 76, 3 22 66 55, 3 23 89 66